**20222583815**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА**

Врз основа на член 16 став (1) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ МЕСЕЧНИ НАДОМЕСТОЦИ ОД СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО, ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗА ДАНОКОТ НА ЛИЧЕН ДОХОД НА САМОСТОЈНИТЕ УМЕТНИЦИ

Член 1

Во Правилникот за условите,критериумите и постапкатаза доделување месечни надоместоци од средства од Буџетот на Република Северна Македонија за придонесите за здравствено, пензиско и инвалидско осигурување и за данокот на личен доход на самостојните уметници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 252/21), во членот 11 алинејата 2 се менува и гласи:

„- режија на најмалку еден долгометражен филм или на два долгометражни телевизиски филма или на три краткометражни филма или на еден 40-минутен анимиран филм или на две одделни аудиовизуелни дела, секое со најмалку четири епизоди, или најмалку едно друго аудиовизуелно дело што се емитувало во две одделни сезони со најмалку четири епизоди во сезона, или“.

Алинејата 3 се брише.

Член 2

Во членот 12 во воведната реченица по зборовите „директор на фотографија,“ се додаваат зборовите „директор на продукција,“.

Член 3

Во членот 15 во алинејата 1 зборовите „дневна драма (сапуница), ситуациска комедија,“ се бришат.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-12191/1
30 ноември 2022 година
Скопје

Министер за култура,
**Бисера Костадиновска-Стојчевска,** с.р.